**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ТОП ВЕСТИ:**

- Иван Гоцевски е новиот градоначалник на Делчево
- Конституиран новиот Совет на Општина Делчево - Николчо Стојменовски е новиот претседател
- Се градат нови улици во централното градско подрачје
- Се реализира кампањата „Се бориме за почист дом: Делчево со нула толеранција за отпад“

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 46 ОКТОМВРИ/НОЕМВРИ 2025

## Иван Гоцевски е новиот градоначалник на Делчево




### Конституиран новиот Совет на Општина Делчево- Николчо Стојменовски е новиот претседател



### Се градат нови улици во централното градско подрачје



### Се реализира кампањата „Се бориме за почист дом: Делчево со нула толеранција за отпад“



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Николчо Стојменовски нов претседател на Советот на Општина Делчево. Конститутиран новиот Совет на Општина Делчево



На Конститутивната седница на Советот на Општина Делчево мнозинството советници за претседател на Советот го избра Николчо Стојменовски, д-р по ветеринарна медицина.
Новиот претседател на Советот, Стојменовски, се заблагодари на довербата од советниците и истакна дека овој состав на Советот со конструктивна, посветена и искрена работа ќе даде придонес во развојот на Општина Делчево.
Конституирањето на новиот состав на Советот, значи нов почеток, нова енергија, нови предлози, нови проекти и нови луѓе, но и голема одговорност за сите нас. Заедничката работа на Советот и градоначалникот придонесува за добри резултати. Сите заедно да работиме за една иста цел-интересот на нашите сограѓани и на Делчево. Нема ваши и наши проекти има само добри и лоши идеи. Сите добри проекти и добри и конструктивни идеи ќе ги преточиме во вистински проекти за интересите на Делчево. Ве повикувам на заедништво, на сплотеност, бидејќи Делчево е наш заеднички дом. Граѓаните тоа го очекуваат од нас и ние за тоа сме избрани, посочи Стојменовски.

Новоизбраниот градоначалник на Општина Делчево, Иван Гоцевски кој присуствуваше на Конститутивната седница им го честиташе мандатот на новите советници и им порача дека работата на Советот е од исклучително значење за развојот и напредокот на една општина и одговор на барањата и потребите на граѓаните.
–Најпрво, сакам да се заблагодарам на досегашниот претседател на Советот, Гоце Попов, на сите членови на Советот со кои бевме како едно семејство. За мене беше многу позитивно искуство и ми беше чест што бев дел од претходниот состав на Советот. На новиот Совет сакам да му порачам да има успешна и плодна работа, да бидат коректор на работењето на градоначалникот и на општинската администрација и на сите институции кои се дел од Општината. Да размислуваат своеволно и во интерес на граѓаните на Општина Делчево. Затоа што, тоа што ќе го оставите наредните 4 години, ќе биде запаметено. Ви посакувам успешна работа, конструктивни дискусии, почитување на Уставот и законите и општинските акти, истакна Гоцевски.
Општинскиот совет на Делчево брои 15 советници и во периодот 2025-2029 година мнозинството го предводи ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата со освоени 10 мандати, додека СДСМ и Коалицијата имаат 3 мандати, а по еден мандат имаат партиите ЛЕВИЦА и ЗНАМ.

Совет на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево

# Прва седница на Советот на Општина Делчево. Донесен Планот на програмите за развој




Советот на Општина Делчево ја одржа Првата седница на која се расправаше и се донесоа одлуки по 17 точки предложени по Дневниот ред. Советниците **едногласно** ја донесоа Одлуката за одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2026 година.

Планот се состои од следниве програми и развојни потпрограми:

1. – Улици во СРЦ Делчево (улица 5, улица 6 и улица 8);
2. – Улици во населба Пролет (улица 4в,дел од ул.4б, дел од ул.3, дел од ул.5 и дел од ул.1)
3. – Реконструкција на улица „Индустриска“
4. – Реконструкција на дел од улица с.Звегор
5. - Изградба на краци од улица „Драмечка“, изградба на улици во населба Басарица
6. - Реконструкција и изградба на улици во централно градско подрачје УЕ2-дел од блок 2.2
7. – Изградба на дел од ул.„Видое Смилевски Бато“ (со потпорен ѕид)
8. - Реконструкција на дел од улица „Кочо Рацин“
9. – Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево возводно 320 мтр.
10. - Фекална и атмосферска канализација во централно градско подрачје У.Г.2.2 блок 2.2

На Седницата беа формирани комисиите: Комисија за статут и прописи; Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР; Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина; Комисија за комунални работи и сообраќај; Комисија за јавни дејности; Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените; Комисија за спорт;

На предлог на градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, беше формиран Локален совет за превенција, како тело за координација меѓу државата и општината за добробит на заедницата и превенирање и подобрување на локалната безбедност од сите аспекти што е една од клучните цели на ова тело.

На Седницата, исто така, беше донесена и Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар Детска градинка во Општина Делчево на општинската јавна установа за деца-детска градинка „Весели цветови“. Исто така, се донесоа одлуки за давање на трајно користење на недвижната ствар „Градба во функција на пречистителна станица“ на ЈКП „Брегалница“ и Одлука за давање на времено користење движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“ Делчево.

# Иван Гоцевски е новиот градоначалник на Делчево




Во просториите на Општина Делчево се одржа официјалното примопредавање на градоначалничката функција помеѓу досегашниот градоначалник Горан Трајковски и новоизбраниот градоначалник Иван Гоцевски.

Примопредавањето се одржа во достоинствена атмосфера во која се разговараше за актуелните и идните проекти и на која и двајцата градоначалници го потврдија значењето на континуитетот, одговорноста и посветеноста во служба на граѓаните. Воедно, беа потпишани записниците за примопредавање со што новиот градоначалник официјално ја презеде функцијата и одговорноста за раководење со Општината.

Досегашниот градоначалник Трајковски му посака успешна работа на новиот градоначалник Гоцевски изразувајќи благодарност за соработката со општинската администрација во изминатиот период.

-Сакам јавно да му честитам на новоизбраниот градоначалник и на новиот состав на Советот и им посакувам успешна работа и да реализираат многу проекти кои ќе значат развој на Делчево со што ќе остават свој белег на градот, рече Трајковски.

Новиот градоначалник Иван Гоцевски изрази благодарност за досегашниот ангажман на Трајковски, но и се заблагодари на огромната поддршка и доверба од граѓаните и вети напорна работа и отчетност и максимално вложување за да се оправдаат очекувањата од граѓаните.

– Функцијата градоначалник бара многу одговорност, моралност и етичност во работата, но и експедитивност во решавањето на сите приоритети на граѓаните. Како што изјавував и во кампањата, јас како човек од народот, ќе бидам постојано на терен, со сите граѓани, од Разловци преку Делчево до Бигла и Илиово. Секојдневно ќе бидам во тек со потребите на сите граѓани и со еден отворен и искрен пристап ќе работиме заедно за Делчево да биде една урбана средина каде живеат среќни граѓани. На почетокот најавувам дека ќе ја отвориме општината за сите, ќе ревидираме сѐ, ќе дозавршиме сѐ што е започнато, а паралелно ќе создаваме нови проекти ветени во програмата, нагласи Гоцевски.

По примопредавањето, градоначалникот Гоцевски имаше средба со вработените во Општина Делчево на која тој изрази благодарност за нивната посветеност, но ги потенцира и очекувањата за заедничка и успешна соработка во иднина. Воедно, на еден од најдобрите работници во ЈКП „Брегалница“, Горан Узунски, му даде благодарница за неговата посветена работа и истакна дека првата градоначалничка плата ќе ја донира на работникот Узунски.

На Локалните избори 2025 година, градоначалникот Иван Гоцевски, кандидат од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, победи во првиот круг на Локалните избори со освоени 5187 гласа, наспроти неговиот противкандидат од Коалицијата на СДСМ, Дејан Глинџарски кој доби 1765 гласа.

Актуелности

# Градоначалникот Гоцевски: Ја враќаме довербата кон локалните институции

Актуелности



Градоначалникот на Општина Делчево и општинската администрација започнаа со имплементација на НОВА ПРОГРАМА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА со единствена цел: да се врати довербата на граѓаните кон локалните институции со цел вистинска јавна и транспарентна општина која е суштински одговорен сервис за граѓаните.
Ова го истакна градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, во својата прва прес-конференција и најави дека на неделна основа ќе се реализираат отворени и јавни тематски прес-конференции за сите тековни активности на Општина Делчево.
-Во наредниот период во најкус можен рок, оваа моја политичка определба ќе се преслика и во локалните институции коишто се под мои ингеренции, со цел делчевската и поширока јавност да биде запозната со сите детали од нивното работење. Веќе дадов насоки за екипирање на лицата во општинската администрација коишто ќе бидат ставени на располагање на граѓаните и јавноста за оваа цел. Главна цел е драстично подобрување на јавноста и транспарентноста на работата на: Градоначалникот на Општина Делчево; Советот на Општина Делчево; Локалниот младински совет на Делчево; Месните и урбаните заедници при Општина Делчево; Општинската администрација; Локалните институции под ингеренции на Општина Делчево, во функција и развој на зголемено ниво на демократија во нашата локална заедница, нагласи Гоцевски.
Гоцевски на првата прес-конференција истакна дека довербата дадена од граѓаните обврзува да се зборува и работи за една поинаква општина.
-Довербата што ми ја дадовте, за мене не е само изборен резултат-тоа е еден вид завет, голема обврска и безусловен поттик да се работи искрено и одговорно, бидејќи нашиот роден град заслужува напредок, правда и достоинство. Со задоволство ве информирам дека започнуваме заедничка мисија-да ја изградиме општината што ја посакуваме и што ја заслужуваме. Затоа најавувам дека од денес зборуваме за една поинаква општина: Општина што слуша, општина што работи и општина што се грижи за секој граѓанин. Нема повеќе затворена општинска администрација,нема повеќе затворен градоначалник кој комуницира преку напишани соопштенија преку фејсбук, или преку изнудени обраќања во јавност на снимени прес-конференции од градоначалничкиот кабинет, нема веќе затворени локални институции, заклучи Гоцевски.

Актуелности

# Кампања: „Се бориме за почист дом-Делчево со нула толеранција за отпад“



Кадровски промени во ЈКП „Брегалница“ и почеток на кампањата „Се бориме за почист дом-Делчево со нула толеранција за отпад“, најави на прес-конференција градоначалникот Иван Гоцевски кој истакна дека планираните системски мерки од Кампањата, ќе се спроведуваат врз основа на итната и неодложна потреба да се исчистат депониите коишто веќе подолг период наназад се присутни низ Општина Длечево, а за кои граѓаните на Делчево и сите населени места со право реагираат подолг период.

– Иако јавната чистота е во надлежност на работата на ЈКП „Брегалница” Делчево, таа не беше одржувана со потребниот интензитет и квалитет изминатиот период. Претпријатието е „фрлено на колена“, во секоја смисла на зборот. Најавувам длабоки кадровски промени и никогаш повеќе нема да се толерира ароганција и неодговорен однос на кој и да е локален функционер, а со тоа и на директор на единственото Јавно претпријатие во Општината. Мора да истакнам дека техничките служби во комуналното претпријатие работат со десеткуван состав, со недостиг на механизација, човечки персонал и финансиски средства за гориво и одржување на транспортните средства, нагласи Гоцевски.

Кампањата е поделена на два дела:

- Прва Фаза- приоритетен период за реализација од 15-ти ноември до 15-ти декември 2025 година и
- Втора Фаза која ќе се спроведува континуирано во период 2026-2029 година

Целта во првата фаза е да се исчистат сите диви депонии на територијата на Општина Делчево и значително да се подобри реализацијата на Оперативниот план на ЈКП „Брегалница” Делчево за прибирање и одлагање на комуналниот смет од домаќинствата и приватните правни субјекти, прибирање и соодветно депонирање габаритен и кабаст инертен отпад од домаќинствата и стопанските субјекти.

Целта на Втората фаза е да создадеме сите заедно одржлив систем за одлагање, прибирање и депонирање на отпадот во соработка на сите надлежни локални институции, приватни субјекти, месни и урбани заедници, граѓански организации, како и поединци активисти кои се борат за здрава и чиста животна средина.

Градоначалникот Гоцевски најави и формирање Кризен штаб и ургентна имлементација на Оперативен план за чистење на Општината и упати апел до сите вработени во локалните институции, до сите граѓански организации, приватни компании и граѓански активисти да се вклучат во оваа акција.

# Д-р Адријана Илиевска - Велковски заменичка-градоначалник

Актуелности



Градоначалникот Иван Гоцевски ја назначи д-р **Адријана Илиевска- Велковски**, член на Советот на Општина Делчево, за заменичка-градоначалник. Таа ќе го заменува градоначалникот во случај на спреченост или отсуство подолго од шест месеци и во сите останати случаи утврдени со закон. Согласно со законските одредби на советничката ќе ѝ мирува функцијата член на Советот за времето додека го заменува градоначалникот.

Илиевска-Велковски е д-р специјалист по рендгенологија и докажан професионалец и член на новоизбраниот Совет на Општина Делчево.

Градоначалникот Гоцевски на средбата со Илиевска-Велковски го потенцираше значењето што Делчево добива жена на оваа функција.

-Тоа има важно симболично, општествено и практично значење во контекст на еднаквите можности и родовата еднаквост. Тоа е еден чекор кон праведно општество, рамноправна демократија и современа локална власт и силна порака дека мажите и жените имаат еднаква улога и одговорност во креирањето и спроведувањето на локалните развојни процеси. Општината продолжува да создава услови за инклузивно, современо и демократско општество, каде стручноста и компетентноста се клучните критериуми за јавна функција, истакна Гоцевски.

Тој додаде дека од заменичката-градоначалник очекува максимална посветеност, одговорност и работа во служба на граѓаните на Делчево.

# Објавен тендерот за конзервација и реставрација на Спомен-домот „Разловечко востание“ во с. Разловци

Актуелности



НУ Национален конзерваторски центар распиша тендер за избор на најповолен економски оператор за непосредна заштита: реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на Спомен-дом „Разловечко востание“ во с. Разловци. Проектот ќе се спроведува во 5 фази и предвидува конзервација и реставрација на кровот, конзервација на внатрешни и надворешни ѕидови, замена на дотраена столарија со столарија од трајни материјали и термопан стакло, конзервација и реставрација на партерот и на потпорните ѕидови со дренажа.

На средбата со директорот на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, Златко Начовски и градоначалникот Иван Гоцевски беше заклучено дека реализацијата на овој капитален проект од културата во Делчево е од огромно значење, како што е и самото значење на Разловечкото востание, како прво организирано вооружено востание во предилинденскиот период против Отоманската империја во Македонија.

– Како наследници на храбрите востаници, ние имаме обврска да го чуваме овој значаен објект од културата и да ја раскажуваме неговата приказна на сите посетители на Разловци и на новите генерации. На директорт Начовски му посакав успешна реализација на овој капитален проект и му порачувам максимално посветено и одговорно да се грижи и да го промовира историското и културното наследство во Делчево, порача Гоцевски.

За директорот Начовски реконструкцијата на овој значаен објект во село Разловци подразбира доведување во оригиналната архитектонска форма проектирана од македонскиот прочуен архитект Константиновски.

Со тоа конечно, селото Разловци, Општина Делчево и нашата држава добива мултифункционален репрезентативен објект кој доликува на историската вредност на Разловечкото востание од 1876 година.

# Заврши реконструкцијата на регионалниот пат кон Пехчево



Завршија градежните работи за санација на регионалниот пат Р1302 (кон Пехчево). Овој регионален пат е целосно саниран и обновен, а проектот се реализираше со финансиска поддршка од Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП).
Вложени се 20 милиони денари,
Поставен е нов асфалт на површина од 10.200 m²,
Изведувач на работите е ЈП „Македонија пат“.
Овој пат е една од најфреквентните врски на Делчево со соседните општини, а со новиот асфалт значително се подобрува безбедноста, мобилноста и квалитетот на возење за сите граѓани.
Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, изрази голема благодарност до директорот на ЈПДП, Коце Трајановски, за разбирањето, поддршката и континуираната соработка.
–Ова е уште еден доказ дека кога локалната самоуправа и државните институции работат заедно — резултатите се видливи на терен. Продолжуваме посветено да инвестираме во патна инфраструктура — за посовремено, побезбедно и поврзано Делчево, истакна Гоцевски.

Актуелности

# Заврши реконструкцијата на регионалниот пат до с. Габрово



Завршија градежните работи за санација на регионалниот пат кон с. Габрово. Во должина од околу 2,2 км се изврши целосна санација се постави нов асфалт на коловозот со што се реши долгогодишниот проблем поврзан со патната инфраструктура на жителите од селото Габрово.

Проектот се реализираше со финансиска поддршка од Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), а вкупната вредност на инвестицијата изнесува 22 милиони денари, при што се поставени 12.500 м² нов асфалт

Изведувач на работите е ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта, а средствата се обезбедени преку ЈПДП.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# Се градат нови улици во Централното градско подрачје






Интензивно се работи на изградбата на нови улици во централното градско подрачје кои ќе ги поврзат со современи сообраќајници новите објекти во изградба, станбените згради, но и веќе постоечките објекти. Се работи на изградба на улиците во централното градско подрачје УЕ-2 од блок 2.2, односно дел од улица „4“, крак од улица „4“, дел од улица „1“, пристапна улица „1“, улица „5“, со вкупна должина до околу 630 метри. Улиците ќе бидат со ширина од 6 метри, а на дел од нив ќе се градат и тротоари. Во рамките на овој проект се изгради и фекална и атмосферска канализација.

Градоначалникот Иван Гоцевски направи увид во текот на работите и посочи дека со оваа инвестиција, централното градско подрачје ќе добие нов и урбан лик, но ќе овозможи и развој и нови инвестиции во овој дел од градот кој беше доста запоставен.

-Ме радува фактот што се интензивираат работите на овие инфраструктурни проекти што ќе донесат нов развој на централното градско подрачје. Воедно, сакам да ве информирам дека заврши и поставувањето на атмосферската канализација која е дел од проектот за изградба на атмосферска канализација во Централното градско подрачје во должина од над 1000 метри и ги опфаќа улиците „Индустриска“ и ул „1“ во Централното градско подрачје. Со овој проект, конечно, се решава еден од најголемите инфраструктурни предизвици во овој дел на градот. Новата атмосферска канализациска мрежа во голема мера ќе ги зафаќа и атмосферските води од населбата Милково Брдо, а со тоа ставаме крај на децениските проблем со поплавите кои се случуваа и овие атмосферски води се спроведени во реката Брегалница, истакна Гоцевски.

Вредноста на работите изнесува 10, 5 милиони денари средства обезбедени од Владата, а работите ги изведува СД-ТРАНС од Делчево.

Актуелности

# Стартуваше кампањата „Се бориме за почист дом-Делчево со нула толеранција за отпад“



Со расчистување отпадоци и диворастечки растенија на потегот под бул „Македонија“ кај станбените згради во Делчево, започна реализацијата на Кампањата „Се бориме за почист дом: Делчево со нула толеранција за отпад“.

Екипи на ЈКП „Брегалница“ со помош на механизација го расчистуваа теренот кој беше доста запуштен и даваше грда слика на транзитниот булевар и во делот од градот каде се сместени голем број јавни институции, а има и голема фреквенција на возила и граѓани.

Акцијата за расчистување од диворастечки растенија и отпад ќе продолжи на јавните површини по должината на целиот булевар, тротоарите до Агенцијата за вработување, но и до бензиската пумпа на излезот кон Берово. Воедно, се апелира до граѓаните кои се сопственици на имот покрај тротоарите на транзитниот булевар да ги отстранат диворастечките растенија и сувите дрва, бидејќи тие не само што го отежнуваат движењето по тротоарите, претставуваат и опасност за пешаците.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# За прв пат се чисти покрај локалниот пат за с. Тработивиште

Актуелности



За прв пат се спроведуваат активности за чистење на локалниот пат за с. Тработивиште. Локалниот пат се чисти од диворастечки растенија, наноси, отпад по целата негова должина започнувајќи од крајот на ул „Маршал Тито“ во Делчево, па сè до с. Тработивиште. Оваа акција е приоритетна и неопходна, бидејќи состојбата на локалниот пат беше крајно лоша, со обраснати растенија покрај коловозот кои ја нарушуваа прегледноста и директно влијаат на безбедноста во сообраќајот.

Затоа една од првите задачи на градоначалникот Гоцевски беше да се расчисти овој локален патен правец кој е доста фреквентен.

-Во таа насока, испраќам и предупредување до учесниците во сообраќајот да бидат одговорни, да возат внимателно по оваа делница, бидејќи екипите на ЈКП „Брегалница“ работат покрај коловозот рачно и со соодветна механизација. Акцијата за чистење на локалниот пат е во рамките на Кампањата „Се бориме за почист дом: Делчево со нула толеранција за отпад“ која се реализира на моја иницијатива, рече Гоцевски.

Реализацијата на Кампањата тече со несмален интензитет и покрај лошите временски услови. Екипи на ЈКП „Брегалница“ ги исчистија од отпад и диворастечки растенија јавните површини покрај новиот градски пазар и сточниот пазар. Паралелно се чистат и оспособуваат и сливниците покрај коловозите на улиците низ градот.

Актуелности

# Форуми за креирање на Буџетот за 2026



Младите ќе бидат во фокусот на Општина Делчево за наредната 2026 г. На Втората форумска сесија за креирање на Буџетот за 2026 година на која активно учествуваа претставници од месните и урбаните заедници, од граѓанскиот сектор и институции, како прв приоритет за решавање со најмногу гласови беше одбран приоритетот-отпочнување со работа и опремување на Младински центар во Делчево.

На листата 5 приоритети за решавање во 2026 година со најмногу гласови се:

1. Отпочнување со работа и целосно опремување на Младинскиот центар;
2. Поставување хидрантски систем во ООУ „Ванчо Прке“
3. Посебен влез и излез во ИМП Делчево;
4. Асфалтирање и опесочување локални патишта;
5. Туристичко-информативно биро.

Инаку, со одржувањето на втората форумска сесија заврши форумскиот процес за креирање на буџетот за 2026 година на Општина Делчево во кој активно учествуваа граѓаните.

Целта на организација на форумите е граѓанско учество во процесот на донесување одлуки, во случајот, приоритетните проекти за реализација за наредната година, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги предложените приоритети, ќе ги предвиди за реализација.

# Повеќе пари за првачињата и новороденчињата во 2026 година

Актуелности



Градоначалникот Гоцевски ги потпиша решенијата за исплата на еднократен надомест од Општина Делчево за 91 прваче и 22 новороденчиња во Делчево со вкупен износ на исплата од 376.629 ден и истакна дека целта на оваа поддршка е помош на младите родители во најважните моменти од нивниот живот-раѓање на детето и почеток на неговото школување.
-Сепак, вкупниот број на новороденчиња во Делчево за тековната 2025 година изнесува 53 новороденчиња. Како градоначалник, пред сè, како жител на Делчево, овие бројки ме загрижуваат, бидејќи не станува збор само за статистика-туку тоа е огледало на предизвиците со кои се соочуваат младите семејства и ме мотивираат да работиме поинтензивно за да создадеме средина во која младите ќе остануваат, ќе формираат семејства, порача Гоцевски.
Гоцевски најави дека една од мерките е зголемување на износот на исплата за новороденче и прваче за 1.000 денари, односно во Буџетот за 2026 година еднократниот износ за овие мерки ќе изнесува по 4.000 ден.
-Моите намери се искрени и затоа најавувам дека ќе продолжиме да креираме политики кои го подобруваат квалитетот на животот, ги поддржуваат младите семејства и создаваат услови за безбедно и среќно детство, нагласи Гоцевски.

Актуелности

# Инклузија на дечиња Роми во детската градинка во Делчево



Во делчевската детска градинка „Весели цветови“ за учебната 2025/26 година ќе бидат примени 15 деца Роми на возраст од 3 до 6 години кои се во социјален ризик во рамките на проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи– детски градинки“. Договорот беше потпишан од страна на градоначалникот Иван Гоцевски, заменик- министерот за социјална политика, Ѓоко Велковски и директорката на детската градинка „Весели цветови“, Билјана Симовска, на настан организиран од Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Градоначалникот Гоцевски истакна дека Општина Делчево силно се залага за еднакви можности и инклузивно општество во кое секое дете има право на квалитетно образование и грижа.

-Тргнувајќи од фактот дека раниот детски развој и раното образование се најсилната алка кои го креираат идниот развој на едно дете, верувам дека оваа инклузија на дечиња Роми во нашата детска градинка е еден чекор кон остварување на нашата цел: ниту едно дете да не биде изоставено. Благодарам за оваа поддршка од Министерството, и ова е еден убав пример како сите заедно, институции, родители, но и заедницата-можат да создадат средина за секое дете да биде прифатено, почитувано и охрабрувано, нагласи Гоцевски.

Целта на Проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишни установи на деца Роми на возраст од 3 до 6 години, инклузија на децата и нивна социјализација, како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца.

# Се активираат месните и урбаните заедници

Актуелности




Во Делчево во тек е реизбор на новиот состав на советите на месните и урбаните заедници. Со цел активни месни и урбани заедници и активни граѓани кои креираат подобра општина и општина која се грижи за своите граѓани, Општина Делчево ги повикува граѓаните да се активираат и да придонесат со свое учество во процесот кој оди во прилог на решавањето на нивните секојдневни проблеми.

Градоначалникот Иван Гоцевски ја истакна важноста на функционирањето на месните и урбаните заедници кои се основната клетка во една општина со огромно значење за секој граѓанин, бидејќи преку оваа форма на организирање се овозможува граѓаните да се активни во својата заедница, да дадат придонес во решавањето на нивните секојдневни проблеми и да придонесат за подобро функционирање на општината.

-Затоа моја прва задача како градоначалник е да ги активирам месните и урбаните заедници и да им ја вратам довербата во општината, како институција и да им потврдам дека тука сме заедно да ги решаваме проблемите. На сите членови на новоизбраните совети во месните и урбаните заедници им порачувам да бидат одговорни претставници на своите соседи, пријатели и на целата заедница, нагласи Гоцевски.

Процесот за реизбор на советите започна со МЗ во с. Габрово, каде во демократски процес и на транспарентен начин беше избран новиот Совет на МЗ Габрово кој брои 7 члена, а за претседател беше избран Орце Илиевски.

Согласно со планот, наредниот период ќе се одржи собир на граѓани во с. Вирче, Стамер, Град, Ѕвегор, како и во градските населби Милково Брдо и Ново Делчево.

Актуелности

# Донација за Здравствениот дом од ДЗС




Делчевскиот Здравствен дом доби донација- санитетско возило со полна медицинска опрема. Донацијата е од Дирекцијата за заштита и спасување, а лично на Здравствен дом и директорката Билјана Ѓеоргиевска, ја предаде директорот на ДЗС, Стојанче Ангелов.

На настанот на кој присуствуваше и градоначалникот Иван Гоцевски, беше истакнато значењето на донацијата која е и, воопшто, **прва донација што Делчево ја добива од Дирекцијата за заштита и спасување.**

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Промоција на Ресурсниот центар за поддршка на општините

Актуелности



Министерството за локална самоуправа денеска организираше кик-оф настан за промоција на Ресурсниот центар за поддршка на општините. На настанот беше презентирана мисијата и целите на Ресурсниот центар, а свое обраќање имаа министерот за локална самоуправа Златко Перински, генералниот секретар на Владата, Игор Јанушев, постојаниот претставник на УНДП, Армен Григоријан, амбасадорот на Швајцарија, Кристоф Зомер и премиерот на Владата, Христијан Мицковски.

Градоначалникот Гоцевски кој присуствуваше на настанот истакна дека македонските општини добиваат сериозен партнер во реализацијата на своите цели, пред сѐ, локалниот развој, преку Ресурсниот центар за поддршка на општините.

-Очекувам, преку неговите услуги-стручни совети, обуки, анализи и техничка помош-да добиеме реални алатки за поефикасно управување, планирање и реализирање на нашите политики и проекти. Ефикасната работа на овој Центар ќе помогне многу, посебно на малите општини кои се соочуваат со недостиг на кадар, соодветна експертиза, административни потешкотии и лавиринти при реализацијата на одредени проекти. Ресурсниот центар ќе значи конкретна поддршка на општините, каде што ќе може да ги добиеме и експертизата и практичните решенија. Да добиеме поддршка, со една единствена цел да креираме современи, функционални локални заедници, општини кои вистински одговараат на потребите на граѓаните и се вистински сервис на граѓаните, истакна Гоцевски.

За Гоцевски инвестицијата во вакви центри е инвестиција во посилни и пофункционални општини, општини кои одговараат на предизвиците.

Актуелности

# Презентиран Регионалниот план за управување со отпад




Во Делчево беше презентиран Регионалниот план за управување со отпад (РПУО) и придружната Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) изработен во рамките на проектот финансиран од Европската Унија „Поддршка на имплементацијата на регионалните системи за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“.

Целта на оваа јавна консултација е да се обезбеди транспарентност, учество на јавноста и вклучување на мислењата на локалната заедница во дизајнот и имплементацијата на новиот интегриран систем за управување со отпад.

Регионалниот план за управување со отпад ги утврдува стратешките приоритети, инфраструктурата и активностите потребни за одржливо управување со отпадот, во согласност со националните и европските еколошки цели. Стратегиската оцена ја оценува потенцијалната еколошка импликација на предложениот систем и предлага мерки за нивно ублажување и подобрување.

На јавната консултација присуствуваа, градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, градоначалничката на Општина Македонска Каменица, Соња Стаменкова, претставници од Советот на Општина Делчево, од Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“, како и заинтересирани граѓани.

# Извршена дератизација на градската канализација

Актуелности



Во Делчево беше извршена дератизација на градската канализациска мрежа и градската депонија. Дератизацијата ја вршеа стручни екипи од ЈЗУ Центар за јавно здравје, Кочани, ПЕ Делчево во соработка со претставници од ЈКП „Брегалница“ и овластени лица од Одделението за инспекциски надзор при Општина Делчево.

Според предвидените параметри, за успешно справување со овој тип преносители на заразни заболувања, третирани се над 80 канализациски шахти и градската депонија со 35 кг. средство „Бродисан“ во вид на гранули и коцки за неутрализирање на преносителите, глувци и други глодари кои се потенцијални преностители на вектор заразни заболувања

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Одбележан Светскиот ден за сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи



Со показна вежба- спасување на повредено лице во сообраќајна незгода со едно возило, во Делчево се одбележа Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди. Оваа вежба ја покажа подготвеноста на МВР, Итната медицинска помош и ТППЕ Делчево за постапување при сообраќајни незгоди, а овој тип сообраќајни незгоди – со едно возило е најзастапен на подрачјето на Општина Делчево во последните пет години и од тие причини е обработен во оваа показна вежба.

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, истакна дека важноста на овој ден е да оддадеме почит кон сите кои го изгубиле животот или биле повредени во сообраќајни незгоди и дека овој ден нѐ потсетува дека зад секоја бројка и статистика стои човечки живот и со секоја жртва или телесна повреда, заедницата губи повеќе од индивидуалец – заедницата го губи неговиот потенцијал, неговото идно влијание во општеството.

Анализата на податоците за сообраќајни незгоди на подрачјето на Општина Делчево кои се случиле во периодот 2020-2024 година покажува дека 6 лица го имаат загубено животот, а со тешки и лесни повреди се здобиле над 150 лица.

Настанот е организиран од страна на Општина Делчево – Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а во соработка со Сообраќајната полиција, Инспекторот за превенција при Полициската станица од општа надлежност Делчево, Здравствениот дом „Гоце Делчев“ Делчево, Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Делчево и ученици од СОУ „М.М.Брицо“.

# Создаваме новогодишна приказна.
# Започна новогодишното украсување на градот

Актуелности



Општина Делчево започна со поставување на новогодишното декоративно украсување. Во градскиот парк се поставуваат новогодишните украси и фигури, но и дрвените куќички наменети за угостителска-трговска дејност. Украсувањето се реализира по утврден план и, освен градскиот парк, ќе ги опфати и главните улици низ градот, но посебен акцент се става на централното градско подрачје кое ќе прерасне во главна новогодишна атракција за граѓаните, посебно за најмладите и за посетителите.

Градоначалникот Гоцевски кој го следи поставувањето на новогодишната декорација истакна дека оваа година порано започна поставувањето на новогодишните украси за празничната атмосфера подолго да го осветлува градот посетуван од многу туристи, но пред сѐ, заради дечињата кои со нетрпение ја очекуваат новогодишната атмосфера.

-Нашиот град го добива новогодишното украсување кое го поставуваме внимателно и одговорно и докажуваме дека градот не е само збир на улици и друга инфраструктура, туку градот дише со нашата енергија, а граѓаните заслужуваат моменти на топлина и во времиња полни со предизвици, постои простор за радост, добрина и убави желби за нов почеток. Ќе бидеме скромни со средствата за украсување и ќе се користат веќе постоечките декорации и светилки, но најавуваме интересна програма која ќе ја комплетира делчевската новогодишна приказна и ќе донесе радост и среќа на најмладите, но и ќе ги испровоцира сите граѓани да поминат убави празнични моменти во градскиот парк, истакна Гоцевски.

Гоцевски апелираше до сите граѓани да бидеме одговорни, да не се оштетуваат декорациите и да се сочуваат, бидејќи тие се нашето општо добро и сите заеднички да придонесеме кон убава и безбедна нова година и заеднички да создаваме убави приказни за нашето Делчево.

Новогодишното украсување на улиците, објектите и домовите, има посебна традиција и порака и го поттикнува позитивното, но и надежта и вербата дека годината што следува ќе испишува убави приказни.

Работни средби

# Приоритетите за развој на Делчево тема на средбата на градоначалникот Гоцевски и директорот на Центарот на ИПР Здравков



Проектите од областа на инфраструктурата, подобрување на условите за живот, развојот на туризмот и максималното искористување на фондовите за рамномерен регионален развој кои треба да водат до забрзан и одржлив развој на ИПР, беа теми на денешната работна средба која се одржа во Делчево, на градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски и директорот на Центарот за развој на ИПР, Трајко Здравков.
Градоначалникот Гоцевски изразувајќи задоволство од конструктивната средба посочи дека посебен акцент на средбата беше ставен на реализацијата на проектите од областа на инфраструктурата во насока на обезбедување подобар живот и иднина на граѓаните.
– Првата работна средба ја искористивме за да разговараме за унапредување на соработката меѓу Општина Делчево и Центарот, поблиску да се запознаеме со актуелните и планираните проекти за 2026 г на Центарот, но и со фондовите кои ќе бидат на располагање на општините наредниот период. Воедно, како градоначалник на Делчево ги истакнав приоритете за развој на Делчево кои планираме да ги реализираме наредниот период, нагласи Гоцевски.
Директорот Здравков посочи дека на крајот на овој месец ќе се одржи Конститутивна седница на новиот Совет на ИПР
-Со новите градоначалници членови на Советот заедно ќе креираме една програма која треба да генерира развој на сите општини во Источниот регион. Делчево е еден од нашите приоритети во наредната програма да реализираме проект во оваа општина, каде бенефит ќе имаат сите граѓани, посочи Здравков.

# Унапредување на соработката на Општина Делчево и управните служби на МВР

Работни средби



Во Општина Делчево се одржа работна средба на градоначалникот Иван Гоцевски и помошник-министерот во МВР, Јован Алтанџиев. На средбата посебен акцент беше ставен на унапредување на соработката меѓу локалната самоуправа и МВР и подобрување на условите за работа на управните служби и квалитетот на услугите што им се нудат на граѓаните.

Гоцевски истакна дека заеднички приоритет е граѓаните полесно и побрзо да стигнуваат до своите документи, односно зборувавме за остварување на административните права на граѓаните без долги редици и чекање.

- Еден од приоритетите за кои разговаравме е реконструкцијата и санацијата на објектот, каде што се сместени управните служби во Делчево, кој е во сопственост на Општина Делчево. Овој објект е во многу лоша состојба и условите за работа на вработените се едни од најлошите во земјава. Затоа, најавувам дека ќе се преземат соодветни административни постапки, но очекувам и конструктивност од целиот Совет кој треба да донесе одлука за давање на трајно користење на овој објект на МВР, истакна Гоцевски.

Помошник -министерот Алтанџиев истакна дека целта за денешната посета на Делчево е одблизу да се видат условите за работа на управните служби во Делчево, како и начинот на кој се даваат услугите на граѓаните од Делчево и М. Каменица

-Состојбата е многу лоша, вработените во Делчево имаат едни од најлошите услови за работа на Македонија. Заедно со градоначалникот постигнавме еден договор во наредниот период да се усогласиме околу начинот на реновирање на управните служби во Делчево, а може да им ветиме на граѓаните дека овие работни простории ќе бидат едни од првите кои ќе бидат реновирани во наредната 2026 г, истакна Алтанџиев.

Работни средби

# Прва официјална средба на градоначалникот Гоцевски и владиката Марко




Во кабинетот на градоначалникот на Општина Делчево се одржа првата официјална средба на градоначалникот Иван Гоцевски и Неговото преосвештенство, владиката Марко, епископ на новоформираната Делчевско-каменичка епархија.

На средбата покрај црковни лица од Епархијата присуствуваа и претседателот на Советот на Општина Делчево, Николчо Стојменовски и заменичката-градоначалник Адријана Велковска-Илиевски. На средбата се разговараше за приоритетите, активностите и предизвиците на новоформираната Епархија, а владиката Марко го запозна градоначалникот и со состојбата со старите цркви и манастири во регионот, а посебен акцент беше ставен на доизградбата на новиот црковен храм „Св.Кирил и Методиј“, каде е планирана и изградба на седиштето на Епархијата.

Градоначалникот Гоцевски истакна дека со формирањето на првата Епархија и назначувањето на владиката Марко, има позитивно издигнување и напредок во духовниот живот во Епархијата и позитивна промоција на Делчево низ православниот свет, како седиште на Епархијата.

– Со искрена чест и во знак на посебна благодарност, денеска на владиката Марко му доделив Благодарница, како симбол за нашата огромна благодарност и скромно признание за неговата возвишена мисија. Како општина, остануваме отворени за соработка и поддршка на нашата Епархија и ветуваме огромна логистика за дооформување на Епархијата со цел нејзино подобро функционирање. Воедно, најавувам отворена соработка со сите верски заедници кои претставуваат важен сегмент во градењето на солидарна, единствена и прогресивна општина, нагласи Гоцевски.

Владиката изрази и големо задоволство од конструктивната средба и од досегашната поддршка на градоначалникот Гоцевски, но и од поддршката на православните верници и нивниот интерес за Епархијата.

Делчевско-каменичката епархија е формирана во 2023 година со Одлука на Синодот и е една од 15-те епархии во јурисдикација на МПЦ-ОА. Седиштето на новоформираната епархија е во Делчево со јурисдикција на градовите Делчево и Македонска Каменица заедно со селата во овие општини.

Најмладите и Општината

# Ученици учеа за функцијата градоначалник и за надлежностите на Општината



Четвртоодeленците од ООУ Ванчо Прке“ и од ООУ „Св.Климент Охридски“, како и петтоодeленците од истото училиште, беа во посета на градоначалникот Иван Гоцевски и учеа што значи да се биде градоначалник. Градоначалникот им посака добредојде и ги охрабри младите да бидат амбициозни, активни, љубопитни граѓани кои со своите идеи и знаења ќе придонесуваат за поубав и помодерен град. Воедно, тој одговараше на нивните прашања и ги запозна со улогата и надлежностите на Општината и со должностите на градоначалникот.

Посетата беше исполнета со позитивна енергија, а учениците со голем интерес поставуваа прашања и споделуваа свои идеи.





Најмладите и Општината

# Гоцевски во посета на дечињата од детската градинка



Детски насмеани лица, многу песнички и вредни детски цртежи и изработки во детската градинка „Весели цветови“ со единствена порака дека секое дете заслужува среќно детство и топол дом. Оваа атмосфера го пречекаа денеска градоначалникот на Делчево, Иван Гоцевски кој ја посети детската градинка на денот кога го одбележуваме Светскиот ден на детето. Градоначалникот Гоцевски и испрати јавна порака до сите чинители во општеството- да се почитуваат правата на децата.

-Децата имаат законски права, а ние возрасните- обврска да се грижиме за најмладите, да создаваме услови тие да имаат безгрижно и среќно детство, да ги учиме да сонуваат, но да ги учиме и на вредности и морални начела кои ќе ги водат низ животот и ќе ги изградат вредни граѓани и самоуверени личности. Како одговорен човек и градоначалник, сакам да истакнам дека посветено ќе работиме за подобрување на условите во детската градинка, но и ги финишираме работите во новата градинка, таа „час поскоро“ да ги отвори вратите за дечињата со што инвестираме во раниот детски развој и згрижување на сите дечиња од Делчево. Планираме инвестиции во училиштата, да изградиме и повеќе детски игралишта и зелени површини, но и со разни мерки, ќе помагаме на младите семејства. Тоа е нашата инвестиција во иднината, нагласи Гоцевски.

**Светскиот ден на детето** се прославува на 20 ноември за да ја одбележи Декларацијата за правата на детето донесена од Генералното собрание на ООН.







# Силата на една жена-трибина по повод Розовиот октомври




Со доделување на наградите од конкурсот „Силата на една жена“ на која твореа ученици од СОУ „М.М.Брицо“ се заокружија активностите по повод Розовиот месец-октомври-посветен на борбата со карциномот на дојка, но и да се подигне свеста кај младите за значењето и поддршката што ја заслужува секоја жена која се соочува со оваа болест.

На настанот кој беше организиран од ЈЛБ „Илинден“, Ученичката заедница во СОУ „М.М.Брицо“, а со поддршка на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“ и Општина Делчево, учествуваа и жени кои се избориле со оваа болест или сѐ уште ја водат таа битка, како и претставници од граѓанскиот сектор.

Градоначалникот Иван Гоцевски кој зеде активно учество на трибината го потенцираше настанот како значаен за подигање на свеста кај жените за превентивни прегледи, бидејќи превенцијата е најдобар лек во борбата со оваа болест.

Од стручен аспект на темата говореа доктор Билјана Ѓеоргиевска – психијатар и доктор Адријана Илиевска– Велковски, рендгенолог, а своe искуство во борбата со болеста споделија неколку силни жени.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“ Билјана Петровска истакна дека целта на настанот е да се оддаде признание на сите жени кои се во оваа борба и кои оствија зад себе светол пример.

Инаку, Комисијата за избор по конкурсот ги награди следните ученички: Првото место го освои Сара Ангелова; Второ место за Сара Тодоровска; Третото место ѝ припадна на Ана Мавродиева.

Јавни трибини

Јавни трибини

# Машкото здравје во фокус



По повод Месецот на машкото здравје, ноември, Комисијата за еднакви можности на Општина Делчево организираше трибина со мултидисциплинарен пристап кон машкото здравје на која учество зедоа доктори од различни области од Здравствениот дом во Делчево . На трибината со наслов „Фокус на машкото здравје“, говореа: д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец. по психијатрија, д-р Даниела Цветковска, спец. по неврологија, д-р Тони Ѓеоргиевски, спец. по интерна медицина, д-р Александар Стојменовски.

Редовните прегледи на мажите и нивното психичко здравје се најважните фактори во борбата против болестите кои се специфични за мажите, заклучија докторите. Преку овој мултидисциплинарен пристап на здравјето на мажите, тие сите заедно се обединија за јавно и гласно да говорат против табуата и стереотипите и да апелираат до машката популација за редовни здравствени прегледи.

-Како претседател на Комисијата, би сакала да истакнам дека главната цел на оваа работилница е промовирање на машкото здравје, отворање простор за разговор, подигнување на свеста и поттикнување на мажите да водат поголема грижа за своето здравје. Ова е одлична можност да започнеме серија активности што ќе придонесат за подобрување на здравјето на мажите и жените во нашата општина, истакна д-р Адријана Илиевска-Велковски, претседателка на КЕМ.

Градоначалникот Гоцевски кој присуствуваше на трибината ја поздрави иницијативата на новоформираната Комисија за еднакви можности на Општина Делчево и порача дека таа треба да биде една од најактивните комисии, бидејќи има големо поле за работа.

-Комисијата вечерва покажа дека за нив во фокусот се еднаквите можности и на мажите и на жените, кога е здравјето во прашање. Со оваа трибина и со поддршка на нашата претседателка на КЕМ, д-р Адријана и нашите доктори од Здравствениот дом во Делчево, но и со еден мултудисциплинарен пристап на машкото здравје, остваруваме една од нашите цели, а тоа е подигање на јавната свест за превенцијата и раното откривање на болестите и грижата за машкото здравје, бидејќи тоа не е само машки проблем, туку проблем и на целото семејство, нагласи Гоцевски.

# Натпревар по краснопис

Култура



Традиционално во месецот ноември, ЈЛБ„Илинден“ го организираше натпреварот по Краснопис. Натпреварот се реализираше во соработка со двете основни училишта во градот и на него учествуваа вкупно 23 ученици од III до VI одделение кои преку своите трудови ја покажаа убавината и вредноста на уредниот и читлив ракопис, а сите ученици пишуваа извадок од лектирата „Зоки Поки“.

На натпреварот, прво место освои Верџиниа Петровска, второ место освои Леонтина Веселиновска и трето место Вања Ковачка.

Како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, краснописот не е само пишување, тој е одраз на внимание, трпение и личен стил.

-Преку уреден краснопис се развива дисциплина, концентрација и моторика, а секој напишан збор станува доказ за љубов кон знаењето и зборот. Во време на дигитална комуникација, краснописот не потсетува на вредноста на рачното пишување-на зборот што останува траен, човечки и искрен. Убавиот ракопис е мала уметност, краснописот е огледало на вниманието и трпението, рече Петровска.





# Несекојдневна промоција на монографиите за делчевските села



Со неизмерна љубов кон родниот крај, ЈЛБ „Илинден“, создаде едно од најубавите културни моменти: промоција на монографиите и, воопшто, книгите посветени на делчевските села и околината, претставени на несекојдневен, вистински магичен начин.

На овој настан, 12 девојчиња облечени во народна носија промовираа монографии за селата во делчевско и околината и зачекорија по модно-книжната писта, не само како модели, туку како чувари на спомените. Тие прошетаа по „пистата“ достоинствено, со гордост и дел од народната носија што ја носеа, зборуваше за нашата вековна убавина, а книгите за нашето наследство кое мора да продолжи.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, истакна дека со оваа промоција сакаме да кажеме дека традицијата не е минато, туку патоказ, дека селата не се заборавени точки на картата, туку срцето на Делчевско и околината, дека книгата е мост меѓу тоа што сме биле и тоа што ќе станеме, посочи Петровска.





Култура

# Култура за сечиј вкус во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“

Култура



Во изминатите неколку месеци НУЦК „Никола Јонков Вапцаров” Делчево во рамки на своите програмски активности реализираше голем број настани од различни дејности коишто активно работат во установата.
Како што истакна директорот Златко Начовски, овој период институцијата успеа да наметне амбициозно темпо на работа и во текот на една работна недела има реализација на повеќе настани и активности со коишто се афирмираат културните вредности во нашата општина.







Култура

# Концерти



Во делот на сценската дејност публиката во Делчево имаше можност да биде дел од спектакуларното шоу „**Широк дијафазон**” на маестралниот Сашко Коцев, чиишто претстави беа распродадени за неколку часови,
Целовечерен концерт на Универзитетскиот ансамбл „Македонија”,
Драмско-музичкиот настан „Културна кауза” на Фин Процект,
Музичкиото концерт на МААС Академи-Делчево,
Солистичкиот концерт на маестро Дејан Лазаревски.









# Ликовна дејност

Култура



Ликовна изложба на:
Решат Амети,
Ликовна изложба „Ѓуриште“ – 20 години бои, инспирација и заедништво!
Изложба „Осончена тишина“ на фотографот Александра Костадиновска,
Изложба на уметнички ликовни дела од 32-та Лесновска ликовна колонија,
Изложба на фотографии под наслов „Живеј со стил – поддржи различности“,









Култура

# Кино секоја среда




НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" Делчево во изминатите месеци ја заживеа и кинотечната дејност во градското кино во Делчево со воведување редовна практика за проекција на репрезентативни филмски остварувања, секоја среда во текот на работната недела. Овој тренд ќе се интензивира и во наредниот период со воведување редовни филмски претстави во уште еден ден од неделата- специфично за проекција на детски и семејни филмови.












**Општина Делчево**

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**